# ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИНТЕРОПЕРАБИЛНОСТ ВО ЖЕЛЕЗНИЧКИОТ СИСТЕМ

**Сл. Весник на Р. Македонија, бр.31 од 22.02.2016 година**

**Член 1**

Во Законот за интероперабилност во железничкиот систем („Службен весник на Република Македонија" број 17/11, 163/13 и 147/15), во членот 19 став (1) зборот „писмено" се брише, а зборот „министерот" се заменува со зборот „Министерството".
Во ставовите (5), (6) и (7) зборот „министерот" се заменува со зборот „Министерството".

**Член 2**

Во членот 27 став (3) зборот „писмено" се брише.

**Член 3**

Во членот 29 став (2) зборот „писмено" се брише.

**Член 4**

Започнатите постапки до денот на започнување на примената на овој закон ќе завршат согласно со законот по кој биле започнати.

**Член 5**

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија да утврди пречистен текст на Законот за интероперабилност железничкиот систем.

**Член 6**

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија" а ќе започне да се применува со започнувањето на примената на Законот за општата управна постапка согласно со членот 141 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија" број 124/15).